Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден ____________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – електричен кабел од 35кV, од разводна табла на ГГП на фотонапонска централа до трафостаница Прилеп 2, КО Заполжани, општина Долнени, КО Врбјани, општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, општина Прилеп, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – електричен кабел од 35кV, од разводна табла на ГГП на фотонапонска централа до трафостаница Прилеп 2, КО Заполжани, општина Долнени, КО Врбјани, општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, општина Прилеп, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистички проект се изработува за приклучување од ТС 110/35/10 kV/kV Прилеп 2, до разводна постројка на фотонапонска централа. Ширината на дното на ровот треба да е 0,5 м и длабочината на ровот од 1,1 м на регулирана површина. Апроксимативна површина на проектниот опфат е 99410.02 $м^2$. Апроксимативна должина на кабелскиот вод е 16.569 м.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државна Комисија за одлучување на управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 07-780/10
Датум: 18.08.2023
Место: Скопје

Министер

Благој Бочварски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ * СКОПЈЕ - SHKUP